**<u>Н А Ц Р Т</u>**

**З А П И С Н И К**
**од Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 7 август 2025 година**

**Скопје, август 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 7 август 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 12:00  часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата учествуваа и Светлана Кузмановска и Наташа Стојановска, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата учествуваше и Бенизар Ганиу, заменик-директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 4 август 2025 година со Записник од Четвртата седница на Групата за процена, одржана на 4 август 2025 година и предлог – одлуки

2. Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Ценовник за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., со дополнување и Предлог-одлука

6. Информација за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 4 август 2025 година со Записник од Четвртата седница на Групата за процена, одржана на 4 август 2025 година и предлог – одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 4 август 2025 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба поради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот на постоење на кризната состојба на територијата на Република Северна Македонија е во траење од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка при гасење на пожарите.

5. Се задолжува Министерството за здравство и здравствениот персонал од општа и медицина на трудот да бидат во приправност за времетраење на кризната состојба;

6. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни наменски финансиски средства доколку за тоа се покаже потреба.

7. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба поради

зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

8. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба поради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, Владата му предлага на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи кои се бараат и времетраење на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

9. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

10. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со пожарите, како и целосен преглед на расположливи човечки и материјално-технички ресурси и план за координирано дејствување.

11. Во случај на потреба, Владата да одлучи за учество на меѓународни организации, институции и поединци во справувањето со кризната состојба.

12. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, врз основа на процена на Главниот штаб при Центарот за управување со кризи за расположливост на националните ресурси за справување со пожарите и неопходност за вклучување на странски ресурси за справување со пожари, да го активира Механизмот за цивилна заштита на Европската Унија и да побара помош и на билатерална основа.

Истовремено, Владата ја разгледа Предлог-одлуката за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување при постоење на кризна состојба поради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 3**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

Владата по Барањето за дополнување на заклучоци од точка 5: „Информација за организација во врска со одбележување на денот на потпишување на Охридскиот рамковен договор", од Нацрт-записникот од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 август 2025 година ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите активности за ангажирање и исплата на хонорари за тројца уметници од

странство и 45 уметници од земјава кои ќе изведуваат на гала концертот што ќе се одржи по повод одбележувањето на Охридскиот рамковен договор на 13 август 2025 година во Скопје.

2. Се задолжува Министерството за финансии, средствата кои ги има обезбедено Министерството за односи меѓу заедниците во врска со организацијата на настанот за одбележување на денот на потпишување на Охридскиот рамковен договор во износ од шест милиони денари да ги исплати на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за култура и туризам како институциите кои ќе ги обезбедат услугите во врска со настанот.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го разгледа Ценовникот за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., со дополнување и Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Ценовникот за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица, доколку Министерството за финансии достави мислење по истата.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и со Секретаријатот за законодавство.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:40 часот.